АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 08.06.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3119 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјекти на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА Џавит ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново, Трговско Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, Трговско радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 8 јуни 2016 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали некој од радиодифузерите коишто се предмет на овој надзор извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и пред промената да биде одобрена од нејзина страна.

Во членот 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека „*пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата*", а во вториот став од овој член е утврдено дека радиодифузерот не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Надзорот се спроведе на начин што беа споредувани податоците за сопственоста на радиодифузерите со коишто располага Агенцијата и податоците за сопственоста од тековните состојби на радиодифузерите (издадени од Централниот регистар на Република Македонија).

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека нема прекршување на одредбите од член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека ниту еден од радиодифузерите коишто беа субјект на надзорот не извршил промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***